ИСТОЧЕН РЕГИОН
ЦЕНТАР ЗА РАЗВОЈ НА ИСТОЧЕН ПЛАНСКИ РЕГИОН

Ванчо Прке 119, 2 кат
2000 - Штип, Македонија
Т: +389 32 386 408
Ф: +389 32 386 409
Е: eastregion@eastregion.mk
I: www.eastregion.mk

# ПРЕДЛОГ ПРОЕКТ концепт

за финансирање од

**Програмата за рамномерен регионален развој 2024-2025 година**

## 1. Општи податоци

| | |
|---|---|
| Носител: | ЦРИПР – Штип |
| Партенри / Општини: | Општините Виница и Делчево |

## 2. Опис на проектот

| | |
|---|---|
| Наслов на Проектот: | **Унапредување на енергетската ефикасност во регионот преку замена на јавно улично осветлување со ЛЕД осветлување (Smart Led Lighting Project)** |
| Стратегија за регионален развој на Република Македонија (2021-2031) | **Стратешка цел 1:** Порамномерно економски развиени, еколошки одржливи и конкурентни плански региони низ доследно спроведена паметна специјализација и посилно стимулирање на приватните инвестиции во синергија со јавните инвестиции.<br>**Приоритет 1.3:** Изградба на транспортна, телекомуникациска и енергетска инфраструктура со порамномерна дистрибуција во планските региони преку реновирање на јавни и приватни објекти за да се исполнат минималните енергетски перформанси.<br>**Приоритет 1.7:** Намалување на негативните влијанија и подобрена заштита на животната средина во планските региони, постигнување поголема отпорност на климатските промени и водење на подинамичен и повеќекратно зголемен инвестициски<br>Циклус преку ублажување на негативните ефекти од климатските промени во сите плански региони. |
| Програма за развој на Источен плански регион (2021-2026) | **Стратешка цел 3:** Одржливо управување со животната средина и природните ресурси;<br>**Приоритет 3.5.:** Промоција на енергетска ефикасност (ЕЕ) и искористување на обновливите извори на енергија (ОИЕ), преку поставување на осветлувањето на патна инфраструктура и изградба на енергетски ефикасно осветлување; |
| Област: | Животната средина (енергетска ефикасност). |
| Краток опис на проектот:<br>(дефинирање на проблемот) | Изградба на енергетски ефикасно осветлување е еден од приоритетите во ПРИПР 2021-2026 година.<br>Општините во изминатите години реализираа серија од активности во оваа област. Замена на јавното осветлување со ЛЕД осветлувачки тела пет општини од Источниот плански регион веќе го имаат целосно реализирано.<br>Економската и енергетска криза, овој процес кај општините значително го забрзаа. |

Ванчо Прке 119, 2 кат
2000 - Штип, Македонија
Т: +389 32 386 408
Ф: +389 32 386 409
E: eastregion@eastregion.mk
I: www.eastregion.mk

| | |
|---|---|
| | **Општина Делчево** има уште 600 осветлувачки тела за кои треба да изврши замена со ЛЕД осветлувачки тела, и за истите веќе е поднесено барање за финансирање од донаторски средства.<br>Општините Делчево и Пехчево имаат Договор за меѓуопштинска соработка во делот на поддршка при одржување на улично осветлување каде една општина дава на користење на друга општина возило за одржување на улично осветлување. Меѓутоа, пред извесен период на Општина Пехчево и е одземено возилото за одржување на улично осветлување и во моментот и двете општини немаат возило.<br>Пред сѐ, поради местоположбата на општина Делчево, непосредна близина на Граничен премин Делчево, Општина Делчево троши голем дел од своите ресурси за спроведување на проекти за поставување на осветлувањето на патна инфраструктура, осветлување и обележување опасни, значајни точки и објекти на патиштата најмногу поради големата фреквенција на возила и посетители. Со цел одржување на досегашното поставено енергетско ефикасно осветлување во рамки на овој предлог-концепт се предвидува набавка на возило за одржување на улично осветлување, и истото во иднина повторно ќе биде дел од меѓуопштинска соработка, поддршка на останати општини од регионот во делот на одржување на јавното улично осветлување.<br>**Општина Виница** до овој момент има изработено физибилити студија и техничка документација за воведување на мерки за ЕЕ преку замена на јавно улично осветлување со осветлување со ЛЕД осветлувачки тела кои рефлектираат значително помало светлинско загадување и имаат подолг животен век.<br>Од преземањето на мерки за ЕЕ во јавно улично осветлување се очекува да даде придонес и да обезбеди поголема безбедност за учесниците во сообраќајот и населението особено во вечерните часови.<br>Во рамки на овој предлог-концепт за Општина Виница се предвидува замена на дел од јавното улично осветлување на **влез – излез од општина Виница (патниот правец Виница-Берово)** и **дел од централното градско подрачје.** Јавното осветлувањето се предвидува да се изведе со штедливи, енергетски – ефикасни сијалици, да има сензорно осветлување, со паметни лед светилки и ќе биде специфично по тоа што неговата моќност ќе се намалува во периодите кога ќе нема движење. Овој тип на осветлување ќе овозможи поголема ЕЕ, помали загуби на енергија, помало светлинско загадување, поголем животен век на светилките, а со тоа и намалување на трошоците за одржување и први чекори т.е. вовед во т. н. Паметен град. |

Ванчо Прке 119, 2 кат
2000 - Штип, Македонија
Т: +389 32 386 408
Ф: +389 32 386 409
Е: eastregion@eastregion.mk
I: www.eastregion.mk

| | |
|---|---|
| Оправданост на проектот: | Унапредување на енергетската ефикасност во регионот преку замена на јавно улично осветлување со ЛЕД осветлување е директно во корелација со подобрување на перформансите на локалните самоуправи во контрола, надзор, мерење, напојување и управување со системот на јавно осветлување во контекст на прилагодување на промените кои се предизвикани од современото живеење/климатските промени во однос на движење/миграција на населението, (сезонска) промена на инсолацијата/осветлувањето, а со тоа и на потребата од вклучување/исклучување на јавното осветлување.<br>Митигација во секторот Енергетска Ефикасност и обновливи извори на енергија е директно поврзана со намалување на емитување емисии на стакленички гасови $CO_2$, намалување на просечната потрошувачка на енергија (kWh/m2) и следствено на тоа заштеда во општинските буџети и поголема можност за инвестиции во останати приоритетни проекти со цел подобрување на квалитетот на живот на населението.<br>Со реализацијата на овој концепт се остварува придонес во заштита на животна средина пред сѐ преку заштеда на енергија и значително ќе се зголеми безбедноста во сообраќајот и на населението. |
| Регионален карактер на проектот: | Регионалниот карактер на проектот е поврзан со подрачјето на спроведување на активностите, имено со предлог-концептот се предвидува поставување на енергетско ефикасно осветлување на регионалниот пат влез – излез од општина Виница, патен правец Виница-Берово. Со осветлувањето во голема мерка ќе се подобри безбедноста на самиот патен правец во ноќните часови но ќе се подобрат и условите за патување и движење по овој дел од регионалниот пат.<br>Унапредување во делот на одржувањето на системот на јавно осветлување во општина Делчево ќе биде во функција и на А3 магистралата (која го поврзува Источниот регион со останатите региони во државата како и со Р. Бугарија) – Штип – Кочани - Македонска Каменица - Делчево – граничен премин Делчево. |
| Главна цел на проектот: | Намалување на емисиите на штетни стакленички гасови во атмосферата преку примена на техники и мерки за енергетска ефикасност во јавното осветлување. |
| Специфични цели на проектот: | - Подобрување на капацитетите за локалните самоуправи за менаџирање на системот за јавно осветлување;<br>- Унапредување на меѓуопштинската соработка;<br>- Унапредување на мобилноста на јавните претпријатија во извршување на своите задачи (замена на осветлување, отстранување на дефекти); |

Ванчо Прке 119, 2 кат
2000 - Штип, Македонија
Т: +389 32 386 408
Ф: +389 32 386 409
Е: eastregion@eastregion.mk
I: www.eastregion.mk

| | |
|---|---|
| | - Подобрување на ЕЕ во делот на јавното осветлување, намалување на просечната потрошувачка на електрична енергија (kWh/m2) и намалување на емитување емисии на стакленички гасови CO2. |
| Активности на проектот: | 1. Спроведување на постапка за јавна набавка и Набавка на возило за одржување на улично осветлување;<br>2. Спроведување на постапка за јавна набавка за вршење на замена на 300 натриумови светилки со ЛЕД осветлувачки тела;<br>3. Промоција на резултатите од проектот. |
| Очекувани резултати: | Во рамки на овој предлог – концепт се очекува да бидат остварени следниве резултати:<br>- Унапредување на меѓуопштинската соработка;<br>- Набавка на возило за одржување на улично осветлување;<br>- Извршена замена на 300 натриумови светилки со ЛЕД осветлувачки тела, ЕЕ во јавно улично осветлување. |
| Одржливост на проектот: | Проектот за унапредување на опременоста на ЈКП Делчево со специјализирано возило за замена на улично осветлување и реконструкција на системот за напојување и управување со уличното осветлување има одржливост затоа што генерално придонесува кон ефикасно искористување на природните ресурси, односно намалување на искористувањето на електрична енергија, но од друга страна ќе влијае на подобрување на финансиската состојба на општините со тоа што ќе штеди финансиски средства на општините за услугата за јавно осветлување со тоа што ќе создаде предуслови општините / јавните претпријатија поекономично да управуваат со системот во контекст на ефективна и ефикасна услуга кон граѓаните која е прилагодена на локалните потреби. |
| Крајни корисници: | - Општините во состав на ИПР;<br>- Јавните комунални претпријатија; и<br>- Населението во состав на регионот. |
| Подготвеност на проектот за имплементација: | Општина Делчево има изработено техничка спецификација за набавка на возило за одржување на улично осветлување и општина Виница има изработено физибилити студија и комплетна техничка документација. |
| Вкупен буџет на проектот: | **10.012.000,00 денари** |
| Кофинансирање: | За овој предлог-концепт се предвидува вкупно 10 % ко-финансирање од општините Виница и Делчево. |

ИСТОЧЕН РЕГИОН
ЦЕНТАР ЗА РАЗВОЈ НА ИСТОЧЕН ПЛАНСКИ РЕГИОН

Ванчо Прке 119, 2 кат
2000 - Штип, Македонија
Т: +389 32 386 408
Ф: +389 32 386 409
E: eastregion@eastregion.mk
I: www.eastregion.mk

# ПРЕДЛОГ ПРОЕКТ концепт

за финансирање од

**Програмата за рамномерен регионален развој 2024-2025 година**

## 1. Општи податоци

| | |
|---|---|
| Носител:<br>Партнери / Општини: | Центар за развој на Источен плански регион<br>Општините во состав на ИПР (општините Берово и Пехчево) |

## 2. Опис на проектот

| | |
|---|---|
| Наслов на Проектот: | **Подобрување на капацитетите на МЦСР и ЦСР преку опремување на Дневни центри за ЛПП со набавка на специјализирано возило за транспорт и сензорни соби** |
| Стратегија за регионален развој на Република Македонија (2021-2031) | **Стратешка цел 2:** Атрактивни плански региони со унапредени локални услуги, ефективен пристап до пазарот на труд, обезбеден повисок степен на родова еднаквост и ефективна социјална заштита на најранливите групи од населението.<br>**Приоритет 2.3:** Обезбедување поголема социјална кохезија меѓу и во рамките на планските региони;<br>**Мерка:** Унапредување на социјалната заштита во планските региони; |
| Програма за развој на Источен плански регион (2021-2026) | **Стратешка цел 2:** Обезбедување на квалитетни и инклузивни социјални, образовни и здравствени услуги;<br>**Приоритет 2.1:** Зајакнување на капацитетите за образование и социјална заштита;<br>**Мерка 2.1.4**: Унапредување на капацитетите на социјалните установи и подобро таргетирање на социјално ранливите категории, преку опремување на социјални установи. |
| Област: | Социјална заштита, социјална инклузија. |
| Краток опис на проектот:<br>(дефинирање на проблемот) | Проектниот концепт за подобрување на условите на Дневните центри за лица со телесна и ментална попреченост беше идентификуван како регионален проблем од областа на социјалната заштита.<br>Ова иницијатива е како резултат на присутните предизвици поврзани со социјално исклучување, (социјална) нееднаквост и дискриминација во областа на услугите за лица со телесна и ментална попреченост.<br>Првичните проблеми што се идентификувани ги опфаќаат лицата кои користат услуги од Дневните центри, недоволна опременост на центрите со специјализирани патнички возила за превоз на лица со посебни потреби (ограничена подвижност), како и опремување на овие центри со сензорни соби кои ќе бидат користени од страна лицата со попреченост, деца од предшколска возраст, ученици, млади лица, возрасни, сите кои имаат потреба од ваква терапија.<br>Со овој предлог-концепт се предвидува набавка на специјализирани патнички возила кои ќе овозможат превоз на лицата од нивниот дом до центарот и назад. Со оваа активност на лицата со попреченост ќе им обезбедат подобри услови за пристап и користење на социјалните |

Ванчо Прке 119, 2 кат
2000 - Штип, Македонија
Т: +389 32 386 408
Ф: +389 32 386 409
E: eastregion@eastregion.mk
I: www.eastregion.mk

| | |
|---|---|
| | услугите, што во крајна линија ќе придонесе кон нивна посоодветна инклузија во заедницата.<br>Опремувањето на дневните центри со сензорни соби како втора активност се предвидени за користење од страна на различни групи лица, вклучувајќи ги и корисниците на дневните центари, децата од предшколска возраст, учениците и други лица, деца и возрасни, кои не се ангажирани во други програми и имаат потреба од терапија во сензорна соба.<br>Стручните тимови во дневните центри би биле дел од процес на едукација за работа во оваа специфична околина и истите ќе се оспособат да го организираат и водат процесот на сензорна терапија.<br>Проектот има за цел да го намали проблемот на дискриминација на овие идентификувани лица како и во недоволната опременост на центрите, преку набавка на соодветни возила и подигање на свеста за нееднаквоста во пристапот. |
| Оправданост на проектот: | Оправданоста на проектот е основана на потребата за подобрување на условите на живот и поддршка на лицата кои имаат различни видови попречености. Проектот **има за цел да го надмине недостигот на прилагодени решенија** што би ги употребувале овие групи луѓе.<br>- **Потребата за специјализирани возила е оправдана од аспект што возилото би обезбедило безбеден и комфорен превоз за лица во инвалидски колички или со ограничена подвижност;**<br>- **Отворање на нови сензорни соби е оправдано поради недостигот на простории кои се дизајнирани за терапевтски сесии и стимулација на сетилата.** Овој простор би овозможил на корисниците со различни потреби да ги искусат различните аспекти на сензорна терапија, што би им помогнало во нивната емоционална и когнитивна способност;<br>- Проектот е оправдан како дел од постапката кон **создавање на инклузивни и поддржливи заедници**. Постојаното обезбедување на превоз и терапевтски простор за лица со посебни потреби го зголемува нивниот пристап до различни области на животот и ги вклучува во различни заеднички активности;<br>- **Проектот има и едукативен аспект, бидејќи врши подигнување на јавната свест околу предизвиците што ги искусуваат лицата со посебни потреби.** Ова може да придонесе кон менување на ставовите и подобрување на разбирањето во заедницата.<br>Овој проект има за цел подобрување на квалитетот на живот на лицата со посебни потреби и нивната активна интеграција во заедницата. Тоа е чекор кон изградба на инклузивно општество каде сите граѓани имаат еднакви можности и права. |
| Регионален карактер на проектот: | Отворање и опремување на нови сензорни соби и обезбедувањето на специјализирани возила прилагодени за лица со попреченост во регионот би било од витално значење во однос на подобрување на квалитетот на живот на идентификуваната целна група. |

**Ванчо Прке 119, 2 кат**
**2000 - Штип, Македонија**
**Т: +389 32 386 408**
**Ф: +389 32 386 409**
**E: eastregion@eastregion.mk**
**I: www.eastregion.mk**

| | |
|---|---|
| | Потребата од спроведување на овој предлог-концепт е евидентна и преку:<br>1. Недостаток на ресурси: Источниот плански регион често се соочува со ограничени ресурси и можност за развој на инфраструктура и услуги за лица со посебни потреби. Отворање на сензорни соби и обезбедување на специјализирани возила би биле конкретни мерки за подобрување на условите за оваа популација.<br>2. Инклузивност и поддршка: Сензорната соба ќе овозможи инклузивна и стимулативна средина за лица со посебни потреби, со што ќе ги поддржи во нивното емоционално, когнитивно и физичко развивање. Исто така, возилото ќе обезбеди лесен и безбеден превоз за лицата со попреченост, што е особено значајно во области каде инфраструктурата може да биде ограничена.<br>3. Пристап до терапии и здравствени услуги: сензорната соба ќе обезбеди простор за терапии и стимулации, што ќе биде од големо значење за лицата со посебни потреби.<br>4. Економска поддршка: овој вид на проекти не само што ги подобруваат условите за живот на лицата со посебни потреби, туку исто така можат да придонесат кон економскиот развој на регионот, (ре)интеграција на локалниот пазар на труд на родителите и поблиските членови на семејствата на лицата со попреченост.<br>Инвестирањето во проекти за подобрување на здравствената и социјалната инфраструктура има директно влијание на јавното здравје во регионот. Поддржувањето на лица со посебни потреби овозможува превенција на здравствени и социјални предизвици и ги поврзува МЦСР, ЦСР и Дневните центри за лицата со телесна и ментална попреченост од општините од регионот преку подобрување и проширување на услугите кои овие субјекти ги даваат кон лицата со пореченост и размена на искуства во рамки на тимовите кои работат во Дневните центри. |
| Главна цел на проектот: | Инклузивно општество во кое сите граѓани ќе имаат еднакви можности и пристап до потребните услугите. |
| Специфични цели на проектот: | Обезбедување на повисоко ниво на социјална заштита во регионот преку:<br>- Подобрување на условите за живот на ЛПП;<br>- Унапредување на мобилноста на ЛПП;<br>- Придонес во развојот на ЛПП, развој и јакнење на нивната моторика;<br>- Подобрени услови за дневен престој. |
| Активности на проектот: | 1. Набавка на специјализирано патничко возило за превоз на лица со посебни потреби;<br>2. Набавка и опремување на сензорни соби во рамки на дневните центри во регионот; и<br>3. Едукација на кадарот, вработените во дневните центри. |
| Очекувани резултати: | Во рамки на овој предлог-концепт се очекува да бидат остварени следниве резултати: |

**Ванчо Прке 119, 2 кат**
**2000 - Штип, Македонија**
**Т: +389 32 386 408**
**Ф: +389 32 386 409**
**Е: eastregion@eastregion.mk**
**I: www.eastregion.mk**

| | |
|---|---|
| | - Набавката на специјализирано патничко возило, како главен излезен резултат кој е предуслов за да настапи промена во социјалната инклузија на ЛПП;<br>- Опремување на сензорни соби кои ќе преминат во сопственост на дневните центри за ЛПП; и<br>- Зајакнати капацитети за кадарот во дневните центри. |
| Одржливост на проектот: | Институциите кои се корисници на резултатите од овој предлог-концепт имаат финансиски средства и можност да добијат и поголеми средства за тековно работење од страна на МТСП, во тој поглед одржливоста е обезбедена. |
| Крајни корисници: | - Лица со попреченост (деца и возрасни) кои се корисници на услугите во дневните центри за лицата со телесна и ментална попреченост;<br>- Родители и поблиски членови на семејствата на лицата со попреченост; и<br>- Вработени во дневните центри. |
| Подготвеност на проектот за имплементација: | - Спецификација за тип на специјализирано патничко возило;<br>- Спецификација за сензорна соба за лица со посебни потреби. |
| Вкупен буџет на проектот: | 6.152.680,00 денари |
| Кофинансирање: | Во оваа фаза сѐ уште не е предвидено ко-финансирање од партнерите во проектот. |

ИСТОЧЕН РЕГИОН

ЦЕНТАР ЗА РАЗВОЈ НА ИСТОЧЕН ПЛАНСКИ РЕГИОН

Ванчо Прке 119, 2 кат
2000 - Штип, Македонија
Т: +389 32 386 408
Ф: +389 32 386 409
Е: eastregion@eastregion.mk
I: www.eastregion.mk

# ПРЕДЛОГ ПРОЕКТ концепт
за финансирање од
**Програмата за рамномерен регионален развој 2024-2025 година**

## 1. Општи податоци

| | |
|---|---|
| Носител:<br>Партнери / Општини: | ЦРИПР – Штип<br>Општините Чешиново – Облешево и Штип |

## 2. Опис на проектот

| | |
|---|---|
| Наслов на Проектот: | **Унапредување во заштитата на животната средина преку опремување со возила за собирање на смет и за одржување на јавна хигиена во регионот** |
| Стратегија за регионален развој на Република Македонија (2021-2031) | **Стратешка цел 1:** Порамномерно економски развиени, еколошки одржливи и конкурентни плански региони низ доследно спроведена паметна специјализација и посилно стимулирање на приватните инвестиции во синергија со јавните инвестиции.<br>**Приоритет 1.7:** Намалување на негативните влијанија и подобрена заштита на животната средина во планските региони, постигнување поголема отпорност на климатските промени и водење на подинамичен и повеќекратно зголемен инвестициски циклус.<br>**Мерка:** Развој и унапредување на инфраструктурата за управување со отпад во сите плански региони. Придонес кон воспоставување на интегрирани системи за управување со отпад во сите плански региони. |
| Програма за развој на Источен плански регион (2021-2026) | **Стратешка цел 3:** Одржливо управување со животната средина и природните ресурси;<br>**Приоритет 3.1:** Интегриран систем за управување со отпадот и промоција на циркуларна економија;<br>Мерка 3.1.1: Воспоставување на регионално управување со отпадот;<br>Мерка 3.1.2: Затворање на диви депонии; |
| Област: | Животната средина.<br>С.Ц.3. Одржливо управување со животната средина и природните ресурси.<br>Потреба од опремување со возила за собирање на смет, возила за одржување на јавна хигиена и возила за потребите на општинската администрација на електричен погон. |
| Краток опис на проектот:<br>(дефинирање на проблемот) | Регионалното управување со отпад на државно ниво е започнато уште од 2004 година со донесувањето на националниот просторен во кои се предвидени регионалните депонии.<br>Во текот на 2009 година во ИПР беше формирано Меѓуопштинско јавно претпријатие за управување со отпад |

Ванчо Прке 119, 2 кат
2000 - Штип, Македонија
Т: +389 32 386 408
Ф: +389 32 386 409
Е: eastregion@eastregion.mk
I: www.eastregion.mk

| | |
|---|---|
| | „Депонија Исток", а во февруари 2012 година беше формиран Регионален одбор за управување со отпад во регионот, сега **Меѓуопштински одбор за управување со отпад во ИПР.**<br><br>Од 2010 година се започнаа планирачки активности во координација со МЖСПП за воспоставување на **интегриран систем за регионално управување со отпад.**<br><br>Низ годините, голем број на студии, проекти, истражувања и одлуки поврзани со регионалното управување со отпад беа подготвени, усвоени и спроведувани, но најважно беше изработката, усвојувањето и започнување на имплементацијата на **Регионалниот план за управување со отпад и истиот беше усвоен во 2015 година** за од планот се започне со спроведување на два проекти како што е **проекот за набавка на опрема за собирање и транспорт на отпад** во Источниот регион и **проектот за затворање на несоодветни депонии диви депонии во регионот.**<br><br>Токму од првиот проект за набавка на опрема за собирање и транспорт на отпад општината Чешиново-Облешево е изоставена во набавката за возило за собирање и транспорт на отпад што се утврди во 2021 година, а до првиот кварал од 2024 година завршува вториот проект за целосно затворање на нестандардните диви депонии во ИПР, а на територија на општина Чешиново-Облешево затворањето е во завршна фаза. За општина Чешиново – Облешево, согласно планот за затворање на депониите е предвидено **комплетно чистење и затворање** со што општина Чешиново – Облешево се обврзува согласно РПУО се до отворање на регионалниот центар за интегрирано управување со отпад, да го транспортира сметот од територијата на општина Чешиново-Облешево (заедно со општините Виница и Зрновци) на депонијата во Кочани, за што во овој момент општината нема можности поради недостаток од возило за собирање и транспорт на смет. Со овој предлог-концепт се предвидува набавка на ново возило за собирање и транспорт на отпад, со цел да се олесни функционирањето на ЈКП и да се одржува чиста животната средина со цел да не се отвораат нови нестандардни диви депонии.<br><br>Опремување на ЈКП од регионот со соодветна механизација и опрема за собирање на смет и за одржување на јавна хигиена со посебен акцент на урбаните подрачја беше еден од идентификуваните регионални проеблеми на форумскиот процес.<br><br>Токму поради тоа во рамки на овој предлог – концепт се предвидува и набавка на специјализирано возило за одржување на јавна хигиена за потребите на ЈКП на Општина Штип, со цел да се одржува нивото на хигиена во урбаните подрачја во релативно добра состојба, што и на целниот регионот му дава силен предзнак за чист предел. |

ИСТОЧЕН РЕГИОН
ЦЕНТАР ЗА РАЗВОЈ НА ИСТОЧЕН ПЛАНСКИ РЕГИОН

Ванчо Прке 119, 2 кат
2000 - Штип, Македонија
Т: +389 32 386 408
Ф: +389 32 386 409
E: eastregion@eastregion.mk
I: www.eastregion.mk

| | |
|---|---|
| Оправданост на проектот: | Источниот плански регион е препознаен по зачувани подрачја со големи природни вредности. Состојбата во делот на животната средина е на релативно добро ниво што на регионот му дава силен предзнак за еколошки чист предел. Како предности за оваа појава може да се наведе фактот што е отпочнат процес за воспоставување на регионално интегрирано управување со отпадот и изградба на заедничка регионална депонија со Североисточниот регион која треба да биде лоцирана во Вардарскиот регион (Свети Николе).<br>Но оваа позиција која ја има стекнато регионот за еколошки свесен и чист предел има потреба да се поддржува и надградува. Токму поради ова предлог-концептот предвидува набавка на возило за собирање на смет и возило за одржување на јавна хигиена во регионот.Оваа активност ќе даде придонес во обезбедувањето на основа за понатамошен одржлив економски развој. |
| Регионален карактер на проектот: | Една од предвидените активности во овој предлог-концепт е дел од Регионалниот план за управување со отпад.<br>Бидејќи во изминатиот период се направи спојување на два плански региони во една меѓурегионална депонија, овој предлог-концепт има не само регионален карактер туку и меѓурегионална димензија во однос на правилно спроведување на предвидените активности во рамки на РПУО. |
| Главна цел на проектот: | Унапредување на заштитата на животната средина преку опремување на јавните комунални претпријатија со цел полесно управување со отпадот и одржување на јавна хигиена во регионот. |
| Специфични цели на проектот: | - Исполнување на активност од Регионалниот план за управување со отпад;<br>- Подобрување на капацитетите за ЈКП за управување со отпад и одржување на јавна хигиена;<br>- Унапредување на мобилноста на јавните претпријатија во извршување на своите задачи со цел квалитетна и чиста животна средина; |
| Активности на проектот: | 1. Спроведување на постапка за јавна набавка и Набавка на возило за собирање и транспорт на отпад;<br>2. Спроведување на постапка за јавна набавка и Набавка на возило за одржување на јавна хигиена во регионот; |
| Очекувани резултати: | Во рамки на овој предлог – концепт се очекува да бидат остварени следниве резултати:<br>- Набавка на возило за собирање и транспорт на смет;<br>- Набавка на возило за одржување на чистота / хигиена на јавни површини во урбаните подрачја. |
| Одржливост на проектот: | Во рамки на овој предлог-концепт се предвидува унапредување на опременоста на јавните комунални претпријатија во општините партнери во овој предлог – |

Ванчо Прке 119, 2 кат
2000 - Штип, Македонија
Т: +389 32 386 408
Ф: +389 32 386 409
Е: eastregion@eastregion.mk
I: www.eastregion.mk

| | |
|---|---|
| | концепт со специјализирано возило собирање и транспорт на смет и набавка на возило за одржување на чиста средина, чисти јавни површини во урбаните подрачја со цел поквалитетен престој и живот на граѓаните и посетителите.<br>Во предвидената набавка на возило за управување со отпад се исполнува активност од РПУО и се дава решение на проблемот на општина Чешиново-Облешево во однос на спроведувањето на вториот проект од РПУО во рамки на кој сите диви и нестандардни депонии се затвораат, а општината има недостаток од возило со кое би го одведувала сметот на депонијата во општина Кочани.<br>Ако целиме кон тоа да Источниот регион биде препознаен како еколошки свесен и чист предел, овој примат има потреба да се поддржува и надградува. Затоа овој предлог-концептот предвидува набавка на возило за собирање на отпад и возило за одржување на јавна хигиена во регионот.<br>ЈКП имаат проблем со застарена опрема и големи издатоци на поправки и резервни делови. Со предлог-концептот се предвидува набавка на две возила за општините, парнери во предлог концептот и ќе бидат предадени на користење на двете ЈКП и ставени во функција на населението. Бидејќи станува збор за нови возила, трошоците за истите првите години ќе бидат релативно мали, а резултатите од нивното ставање во погон ќе се забележителни.<br>ЈКП во своите програми од 2025 година ќе предвидуваат средства за тековно оддржување на возните паркови на претпријатието. |
| Крајни корисници: | - Општините Чешиново-Облешево и Штип;<br>- Јавните комунални претпријатија; и<br>- Населението. |
| Подготвеност на проектот за имплементација: | Општините Чешиново-Облешево и Штип имаат изработено техничка спецификација за набавка на возилата вклучени во рамки на овој предлог-концепт. |
| Вкупен буџет на проектот: | **11.000.000,00 денари** |
| Кофинансирање: | За овој предлог-концепт е предвидено 5 % ко-финансирање од општина Штип. |

ИСТОЧЕН РЕГИОН

ЦЕНТАР ЗА РАЗВОЈ НА ИСТОЧЕН ПЛАНСКИ РЕГИОН

Ванчо Прке 119, 2 кат
2000 - Штип, Македонија
Т: +389 32 386 408
Ф: +389 32 386 409
E: eastregion@eastregion.mk
I: www.eastregion.mk

# ПРЕДЛОГ ПРОЕКТ концепт

за финансирање од

**Програмата за рамномерен регионален развој 2024-2025 година**

## 1. Општи податоци

| | |
|---|---|
| Носител:<br>Партнери / Општини: | ЦРИПР – Штип<br>Општините Берово, Зрновци, Карбинци, Кочани, Македонска Каменица, Пробиштип и Пехчево |

## 2. Опис на проектот

| | |
|---|---|
| Наслов на Проектот: | **Воведување на мерки за ЕЕ на јавни објекти и користење на ОИЕ**<br>**(Подобрување на условите во образовниот процес во ИПР)** |
| Стратегија за регионален развој на Република Македонија (2021-2031) | **Стратешка цел 1:** Порамномерно економски развиени, еколошки одржливи и конкуренти плански региони низ доследно спроведена паметна специјализација и посилно стимулирање на приватните инвестиции во синергија со јавните инвестиции.<br>**Приоритет 1.3:** Изградба на транспортна, телекумуникациска и енергетска инфраструктура со порамномерна дистрибуција во планските региони преку реновирање на јавни и приватни објекти за да се исполнат минималните енергетски перформанси.<br>**МЕРКА: Реновирање на јавни и приватни објекти за да се исполнат минималните енергетски ефикасни перформанси.**<br>Циклус преку ублажување на негативните ефекти од климатските промени во сите плански региони. |
| Програма за развој на Источен плански регион (2021-2026) | **Стратешка цел 2:** Обезбедување на квалитетни и инклузивни социјални, образовни и здравствени услуги.<br>**Приоритет 2.2:** Создавање услови за квалитетно образование.<br>**Мерка 2.2.1:** Подобрување на содржината, условите за учење и квалитетот во предучилишното образование.<br>**Мерка 2.2.3:** Подобрување на условите и квалитетот на образованието.<br><br>**Стратешка цел 3:** Одржливо управување со животната средина и природните ресурси;<br>**Приоритет 3.5.:** Промоција на енергетска ефикасност (ЕЕ) и искористување на обновливите извори на енергија (ОИЕ) |
| Област: | Обезбедување на квалитетни и инклузивни социјални, образовни и здравствени услуги и спроведување на мерки за<br>Одржливо управување со животната средина и природните ресурси. |
| Краток опис на проектот:<br>(дефинирање на проблемот) | Сите седум образовни објекти кои се вклучени во овој предлог-концепт се наоѓаат во релативно лоша состојба во однос на просторните услови и енергетската ефикасност на истите. |

Ванчо Прке 119, 2 кат
2000 - Штип, Македонија
Т: +389 32 386 408
Ф: +389 32 386 409
E: eastregion@eastregion.mk
I: www.eastregion.mk

| | |
|---|---|
| | Поглемиот дел од објектите се изградени пред повеќе децении и до овој момент имаат многу мали, незначителни интервенции за воспоставување на мерки за ЕЕ и користење на ОИЕ. |
| Оправданост на проектот: | Создавање и подобрување на услови за квалитетно образование преку воведување на мерки за ЕЕ и користење на ОИЕ се дел од приоритетите за развој на регионот.<br>Износот на средства кои се алоцираат во унапредување на образовните објекти се недоволни за одржување на истите и за унапредување со нови ЕЕ мерки.<br>Во рамки на овој предлог-концепт се опфатени и образовни објекти во кои повеќе децении немало градежни зафати, изградени се во период кога мерките за енергетска ефикасност не биле приоритет и не се користени материјали за заштеда на енергија.<br>Но, според намената за вршење на дејност образование, експлоатацијата и периодот во кој се користи објектот ги наметнува потребите за употреба на мерките за енегетска ефикасност на објектите од јавна дејност и заштеда на енергија со емисија на CO2.<br>Секако во предвид треба да се земе и фактот дека образовниот сектор зазема значителен дел во енергетскиот биланс на општините во однос на потрошувачката на топлинска енергија.<br>На најмалите и на учениците потребно е да им се даде приоритет и да имаат подобар квалитет и услови за престој во градинките / училиштата. |
| Регионален карактер на проектот: | Проектот има регионално значење и предвидува заеднички активности и соработка на 7 (седум) општини од регионот во однос на воведување на мерки за ЕЕ на јавни образовни објекти и користење на ОИЕ.<br>Проектот се реализира на територијата на 7 општини и истите имаат директна и јасно искажана корист од проектот, насочен е кон заштита и унапредување на животната средина преку намалување на потрошувачката на енергија и воспоставување на енергетски ефикасни јавни установи како и подобрување на просторните услови и опременоста на образовните и културни институции во регионот.<br>Со проектот се предвидуваат градежни зафати во однос на проширување на капацитетите на образовните објекти, реконструкција на кровни површини, поставување на ЕЕ фасади, реконструкција на топловодна котлара и поставување на фотоволтаичен систем, и тоа за:<br>1. ОЈУДГ „23ти Август" - Општина Берово се предвидува инсталација на фотоволтаичен систем;<br>2. Доградба и реконструкција на ОУ „Синиша Стоилов“ - Општина Зрновци;<br>3. Реконструкција на ПООУ „Страшо Пинџур“ с. Радање - Општина Карбинци;<br>4. Поставување на ЕЕ фасада на ООУ „Раде Кратовче" - Општина Кочани; |

Ванчо Прке 119, 2 кат
2000 - Штип, Македонија
Т: +389 32 386 408
Ф: +389 32 386 409
E: eastregion@eastregion.mk
I: www.eastregion.mk

| | |
|---|---|
| | 5. Реконструкција на кров и фасада на ЈОУДГ „Бамби" - Општина Македонска Каменица;<br>6. Реконструкција на топловодна котлара и партерно уредување во СОУ „Наум Наумовски Борче“ - Општина Пробиштип и<br>7. Реконструкција на кров на ОЈУДГ „7 Септември“ - Општина Пехчево.<br>Воспоставувањето на одржлив регионален развој кон кој се стреми Источниот плански регион во основа се базира на заштитата на животната средина. Ниту одржливиот развој на туризмот, ниту пак одржлив развој на останатите стопански гранки не е возможен без обезбедување на заштита на животната средина. Воедно квалитетот на живот во регионот не зависи само од инвестициите во стопанството. Покрај порастот на инвестициите потребно е паралелно подигнување на нивото на заштитата на образованието и обезбедување на солидни просторни услови за образовни, културни и спортски активности.<br>Во однос на процесот на децентрализација, придобивките и предизвиците од истиот, во моментот општините кои се во втората фаза на процесот се надлежни за образовните институции и истите преку блок дотации ги подмируваат месечните трошоци за енергија. Меѓутоа со третата фаза од децентрализацијата оваа обврска ќе мора самите да ја покриваат. Ова е одличен период да се бараат соодветни начини и мерки за намалување на трошоците на општините и заштедите да се насочат во реализација на активности за подобрување на условите за живот во Источниот плански регион.<br>Со реализацијата на проектот ќе се воведат ЕЕ мерки на 7 образовни објекти по најсовремени усвоени мерки. Воспоставување на мерки за енергетска ефикасност на предложените јавни објекти се веќе вклучени во ПРИПР 2021-2026 и во општинските Програми за енергетска ефикасност, а дел се вклучени и во Стратегиите за климатски промени на општините. |
| Главна цел на проектот: | Зголемување на енергетската ефикасност на јавни објекти во Источниот плански регион, намалување на потрошувачката на електрична енергија и подобрување на животната средина преку искористување на сончевата енергија и минимална емисија на $CO_2$ во атмосферата. |
| Специфични цели на проектот: | 1. Градежни зафати на 7 образовни објекти за воведување на мерки за енергетска ефикасност и искористување на ОИЕ;<br>2. Намалување на трошоците за електрична енергија за 50% во образовните установи во регионот;<br>3. Намалување на емисии на $CO_2$ за 25%;<br>4. Зајакнување на свеста и перцепцијата кај учениците за важноста од спроведувањето на мерките за енергетска ефикасност и користење на ОИЕ;<br>5. Подобрување на просторните услови и опременоста на училиштата во регионот. |
| Активности на проектот: | Во рамки на овој предлог-концепт се предвидува: |

Ванчо Прке 119, 2 кат
2000 - Штип, Македонија
Т: +389 32 386 408
Ф: +389 32 386 409
E: eastregion@eastregion.mk
I: www.eastregion.mk

| | |
|---|---|
| | 1. Спроведување на јавна набавка и инсталација на фотоволтаичен систем за ОЈУДГ „23ти Август" - Општина Берово;<br>2. Спроведување на јавна набавка и градежни зафати за доградба и реконструкција на ОУ „Синиша Стоилов“ - Општина Зрновци;<br>3. Спроведување на јавна набавка и градежни зафати за реконструкција на ПООУ „Страшо Пинџур“ с. Радање - Општина Карбинци;<br>4. Спроведување на јавна набавка и градежни зафати за поставување на ЕЕ фасада на ООУ „Раде Кратовче" - Општина Кочани;<br>5. Спроведување на јавна набавка и градежни зафати за реконструкција на кров и фасада на ЈОУДГ „Бамби" - Општина Македонска Каменица;<br>6. 5. Спроведување на јавна набавка и градежни зафати и реконструкција на топловодна котлара и партерно уредување во СОУ „Наум Наумовски Борче“ - Општина Пробиштип; и<br>7. 5. Спроведување на јавна набавка и градежни зафати и реконструкција на кров на ОЈУДГ „7 Септември“ - Општина Пехчево (дополнително демонтажа и монтажа на фотоволтаичен систем). |
| Очекувани резултати: | Во рамки на овој предлог-концепт се очекува да бидат остварени следните резултати:<br>1. Инсталиран фотоволтаичен систем за ОЈУДГ „23ти Август" - Општина Берово;<br>2. Зголемен и реконструиран објект ОУ „Синиша Стоилов“ - Општина Зрновци, воведени ЕЕ мерки;<br>3. Реконструиран објект ПООУ „Страшо Пинџур“ с. Радање - Општина Карбинци, воведени мерки за ЕЕ;<br>4. Поставена ЕЕ фасада на ООУ „Раде Кратовче" - Општина Кочани, воведени мерки за ЕЕ;<br>5. Реконструиран кров и фасада на ЈОУДГ „Бамби" - Општина Македонска Каменица, воведени мерки за ЕЕ;<br>6. Реконструирана топловодна котлара во СОУ „Наум Наумовски Борче“ - Општина Пробиштип; и<br>7. Заменет кров на ОЈУДГ „7 Септември“ - Општина Пехчево со повторна монтажа на фотоволтаичен систем.<br>Со реализација на градежните зафати се очекува:<br>1. Намалување на сметките за електрична енергија;<br>2. Зголемување на учеството на регионот во производство на енергија од обновливи извори; и<br>3. Намалување на емисијата на стакленички гасови. |
| Одржливост на проектот: | Активностите и мерките кои се предвидени во проектот се директно поврзани со одржливо управување со финасиските ресурси преку рационално користење пред сè на електричната и топлинската енергија.<br>Имено општините управуваат со повеќе општински јавни објекти распределени во повеќе сектори. Од 2007 година образовните |

Ванчо Прке 119, 2 кат
2000 - Штип, Македонија
Т: +389 32 386 408
Ф: +389 32 386 409
Е: eastregion@eastregion.mk
I: www.eastregion.mk

| | |
|---|---|
| | установи се директно под надлежност на општините кои од страна на националниот буџет добиваат блок дотации за исплата на плати и одржување на објектите. Бидејќи во проектот станува збор за релативно руинирани и постари објекти на кои подолг временски период нема направено позначајни реконструкции, трошоците за нивно одржување се огромни. Во третата фаза од децентрализацијата општините самостојно ќе ги покриваат сите оперативни трошоци, токму со крајната реализација на овој предлог-концепт ќе се помогне на општините посигурно да зачекорат во овој процес, а воедно на најмладите ќе им се овозможат солидни просторни услови за непречено одвивање на наставно-образовниот процес.<br>Одржливоста на проектот се гледа пред сè во заштедите кои ќе се остварат преку заштедата на електрична и топлинска енергија и во можност на нови инвестиции од остварените заштеди. |
| Крајни корисници: | 1. **Децата** вклучени во образовниот процес во предложените објекти. Просторните услови кои ги нудат овие училишта како и условите за престој на учениците се на ниско и незадоволително ниво. Со реализацијата на проектот учениците ќе имаат солидни услови за спроведување на наставниот процес ќе бидат заштитени од студ и прокиснувања кои се јавуваат при поројните дождови.<br>**2. Наставниот кадар**<br>**3. Родители** |
| Подготвеност на проектот за имплементација: | За сите 7 (седум) јавни образовни институции дел од овој предлог-концепт има комплетно изработена техничка документација со ревидирани предмер-пресметки. |
| Вкупен буџет на проектот: | **41.573.871,00 денари** |
| Кофинансирање: | За овој предлог-концепт се предвидуваат **8.989.426,00 денари** или вкупно 21.62% ко-финансирање од општините партнери во проектот. |

Ванчо Прке 119, 2 кат
2000 - Штип, Македонија
Т: +389 32 386 408
Ф: +389 32 386 409
E: eastregion@eastregion.mk
I: www.eastregion.mk

# ПРЕДЛОГ ПРОЕКТ концепт

за финансирање од

**Програмата за рамномерен регионален развој 2024-2025 година**

## 1. Општи податоци

| | |
|---|---|
| Носител:<br>Партнери / Општини: | **Центар за развој на источен Плански регион**<br>Општините во состав на ИПР<br>(Делчево, Македонска Каменица, Кочани и Пробиштип) |

## 2. Опис на проектот

| | |
|---|---|
| Наслов на Проектот: | **„Превенција и заштита од шумски пожари во ИПР“** |
| Стратегија за регионален развој на Република Македонија (2021-2031) | **Стратешка цел 1:** Порамномерно економски развиени, еколошки одржливи и конкурентни плански региони низ доследно спроведена паметна специјализација и посилно стимулирање на приватните инвестиции во синергија со јавните инвестиции<br>**Приоритет 1.7:** Намалување на негативните влијанија и подобрена заштита на животната средина во планските региони за постигнување на поголема отпорност на климатските промени и водење на подинамичен и повеќекратно зголемен инвестициски циклус;<br>**Стратешка цел 2** – Атрактивни плански региони со унапредени локални услуги, ефективен пристап до пазарот на труд, обезбеден повисок степен на родова еднаквост и ефективна социјална заштита на најранливите групи од населението.<br>**Приоритет 2.6:** Постепено надминување на инфраструктурните диспаритети помеѓу планските региони во културата, спортот и рекреацијата, и **противпожарната заштита.**<br>**Национална стратегија за заштита на природата 2017-2027**<br>**Национална цел 7:** Да се обезбеди континуирано и зголемено финансирање на заштитата на природата од буџетски средства на централно и локално ниво, од инвестиции и други извори на финансирање, преку воспоставување на соодветни одржливи и ефикасни модели на финансирање на заштитата и одржливото користење на природата.<br>**Национална платформа за намалување на ризици од катастрофи 2019**<br>Од исклучителна важност е раното откривање на пожарите и нивно локализирање и гасење. |
| Програма за развој на Источен плански регион (2021-2026) | **Стратешка цел 3: Одржливо управување со животната средина и природните ресурси**<br>**Приоритет 3.2.:** Управување со заштитени подрачја и заштита на биодиверзитетот<br>**Приоритет 3.3.:** Заштита на воздухот, водата и почвата<br>**Мерка 3.4.4.** Интегрирано управување со шумите |

**Ванчо Прке 119, 2 кат**
**2000 - Штип, Македонија**
**Т: +389 32 386 408**
**Ф: +389 32 386 409**
**E: eastregion@eastregion.mk**
**I: www.eastregion.mk**

| | |
|---|---|
| | • Зголемување на свесноста за опасност од пожари<br>• Заштита на шумите од пожари<br>• Воспоставување оперативен систем за превенција и менаџирање на шумски пожари |
| Област: | Животна средина |
| Краток опис на проектот:<br>(дефинирање на проблемот) | Од аспект на веќе идентификуваните приоритетни области на првата форумска сесија, социјалната заштита и заштита и унапредување на животната средина во Источниот плански регион, превенцијата од заштита и спречување на пожари е еден од идентификуваните регионални проблеми, бидејќи истите не познаваат општински административни граници<br>Шумските пожари што го зафатија регионот низ изминатите години создадоа големи проблеми кај населението, поради што овој предлог-концепт е од суштинско значење. Евидентно е дека пожарите причинуваат сериозна штета врз животната средина, материјална штета, ја зголемуваат концентрацијата на суспендирани честички во воздухот и имаат негативно влијание врз квалитетот на животот, здравјето и безбедноста на целокупното население.<br>Овој предлог-концепт предвидува соработка и заеднички ангажман на сите чинители преку спроведување на **активности за превенција од пожари и унапредување на услови за здрава животна средина и зачувување на биодевирзитетот и здрав еко систем.**<br>Интервенциите во 2021 година имаа значаен ефект во спречување на материјални штети, но истите би биле уште помали со **современи возила за гаснење на шумски пожари, опрема за пожарникарите и доброволните друштва, подобрување на хидрантската мрежа во општините и соодветна едукација за младите лица од регионот**. Имплементацијата на проектот за опремување на противпожарните служби не само што ги подобрува условите за работа на службите туку и го намалува времето на реакција, што води кон ефикасна борба против пожарите и економска корист.<br>Преку **планираните обуки и едукативен материјал, населението, вклучувајќи ги туристите и учениците, ќе имаат можност да се едуцираат за правилно реагирање во случај на пожар**. Ова вклучува детекција и реакција на шумски и пожари на отворен простор, со цел да се намали вредноста на штетите што можат да настанат поради задоцнета реакција.<br>Проектот не само што ја намалува социјалната несигурност предизвикана од урбани пожари, туку и значително влијае на заштитата на екосистемот и биодиверзитетот. |
| Оправданост на проектот: | Во претходните 5 години, се извршиле повеќе од 1000 интервенции на отворен простор, каде што повеќе од 3000 хектари земјоделско земјиште и 900 хектари шума беа зафатени со пожар, предизвикувајќи штета од приближно 7.5 милиони евра. Опожарувањето на шумите има сериозни последици, |

Ванчо Прке 119, 2 кат
2000 - Штип, Македонија
Т: +389 32 386 408
Ф: +389 32 386 409
E: eastregion@eastregion.mk
I: www.eastregion.mk

| | |
|---|---|
| | вклучувајќи загадување на воздухот со високи нивоа на штетни честички и токсично чад, што го прави најлошото загадување на воздухот.<br>Стручните лица предвидуваат дека сѐ ова може да се спречи или значително да се намали преку брза дојава од страна на затекнатите лица како планинари и туристи, и со современа опрема за гасење на шумски пожари. За подобрување на условите за работа се планира набавка на нови специјализирани возила, обновување на хидрантските мрежи и соодветно опремување за гасење на шумски пожари.<br>Дополнително во регионот се формирани и доброволни противпожарни друштво, обучени за итни случаи, што дополнително ќе придонесе кон подобрување на квалитетот на работата на противпожарната бригада во непристапните шумски области.<br>Со спроведувањето на предлог-активности се очекува значително подобрување на условите и заштитата на регионот, заедно со набавката на опремата, подобрената хидрантска мрежа и вклучување на доброволните противпожарни друштва, се очекува значително зголемување на ефикасноста на системот за противпожарна заштита и превенција во регионот. Спроведување на кампањата за јавна свест, планираните обуки и едукативен материјал се алатки преку кои населението ќе добие можност за едукација и правилно реагирање во случај на пожар, со цел подигање на свеста за ризикот од шумски пожари предизвикан од човечки фактор што ќе придонесе кон подобрување на брзината и ефикасноста на противпожарните бригади. |
| Регионален карактер на проектот: | Следејќи ги целите и приоритетите за регионален развој, проектните активности се димензионирани за делување и заштита на целиот Источен плански регион.<br>Целна група од проектот е населението од општините од Источен плански регион.<br>Во случаи кога се случуваат пожари од поголем обем на нивната територија, територијалните републички противпожарни единици ТППЕ Кочани и ТППЕ Штип интервенираат онаму каде што е потребно (согласно ЗАКОН ЗА ПОЖАРНИКАРСТВОТО Службен весник на РМ, бр. од 168 од 21.11.2017 година Член 5 став 4). |
| Главна цел на проектот: | Унапредување на системот за противпожарна заштита и превенција за чиста животна средина и заштитени природни ресурси во регионот.<br>Проектот има силно влијание врз животната средина и биодиверзитет во голема мера ќе придонесе во превенцијата и заштитата од пожари, кои можат да го нарушат целокупниот еко систем и секојдневниот ритам. |

**Ванчо Прке 119, 2 кат**
**2000 - Штип, Македонија**
**Т: +389 32 386 408**
**Ф: +389 32 386 409**
**E: eastregion@eastregion.mk**
**I: www.eastregion.mk**

| | |
|---|---|
| Специфични цели на проектот: | • Подобрување на условите за делување на ТППЕ во регионот за навремено, брзо и ефикасно справување со новонастанати пожари и со самото тоа намалување на штетите настанати од пожарите;<br>• Осовременување на застарената опрема за справување со шумски пожари и опремување со нова модерна и ефикасна опрема;<br>• Зголемена едукација и информираност на населението и образовниот процес во регионот за заштита и превенција од пожари;<br>• Намалување на штетите предизвикани од појава на шумски и пожари на отворен простор со побрза и поефикасна интервенција;<br>• Намалување на штетите преку превентивна реакција на едуцирано население, планинари и туристи кои ќе се затекнат во природата;<br>• Намалување на загадувањето на воздухот од штетни честички кои се шират при појава на пожари на отворен простор и шумски пожари и<br>• Заштита на населението во регионот. |
| Активности на проектот: | Во рамки на овој предлог-концепт се предвидуваат следниве активности:<br>Активност 1: Набавка на две специјализирани возила за шумски пожари под висок притисок;<br>Активност 2: Набавка на специјализирана опрема за пожарникари за шумски и пожари на отворен простор;<br>Активност 3: Обнова на делови од хидрантската мрежа во општините во состав на регионот; и<br>Активност 4: Обуки и работилници во соработка со стручни лица на ТППЕ за младите луѓе од регионот. |
| Очекувани резултати: | Во рамки на овој предлог-концепт се очекува да се даде придонес кон намалување на негативните влијанија и штети од пожари и подобрување во заштитата на животната средина како и подобрување на безбедноста на населението.<br>Директни резултати кои ќе се постигнат во рамки на овој предлог-концепт се:<br>- Набавени специјализирани возила за шумски пожари под висок притисок;<br>- Набавена опрема;<br>- Подобрување на функционалноста на хидрантските мрежи во општините и<br>- Едуцирани млади луѓе за заштита и превенција од пожари. |
| Одржливост на проектот: | Проектот со сите активности е во целост самоодржлив.<br>Со опремата ќе стопанисуваат ТППЕ Кочани, ТППЕ Штип, ТППЕ Пробиштип и ТППЕ Делчево кои се под управување на Општините Кочани, Штип, Пробиштип и Делчево, кои што ќе гарантираат за функционалноста на опремата и возилата. |

Ванчо Прке 119, 2 кат
2000 - Штип, Македонија
Т: +389 32 386 408
Ф: +389 32 386 409
E: eastregion@eastregion.mk
I: www.eastregion.mk

| | |
|---|---|
| | Возилата и опремата ќе бидат редовно одржувани и сервисирани, а за нив ќе биде обезбедено минимум 5 (пет) годишно одржување. Едукацијата на населението ќе придонесе за додатно ширење на значењето на зачувување на шумите и одржување на информативните табли кои ќе бидат поставени дополнително ќе дадат придонес на самиот проект.<br>Проектот освен одржливост ќе има и долгорочен бенефит за целиот регион, така што инвестираните средства на краток рок ќе генерираат огромни заштеди кои ќе бидат немерливи со парични средства колку ќе се заштеди од ненанесените штети со спречени и навремено изгаснати пожари. |
| Крајни корисници: | Корисници на придобивките од проектот се:<br>- Населението од Источен плански регион и<br>- Туристи и посетители. |
| Подготвеност на проектот за имплементација: | Има изработено техничка спецификација за потребната опрема и возила кои треба да се набават во рамки на проектот. |
| Вкупен буџет на проектот: | 6.152.680,00 денари |
| Кофинансирање: | Во оваа фаза сѐ уште не е предвидено ко-финансирање од партнерите во проектот. |

ЦЕНТАР ЗА РАЗВОЈ НА ИСТОЧЕН ПЛАНСКИ РЕГИОН

Ванчо Прке 119, 2 кат
2000 - Штип, Македонија
Т: +389 32 386 408
Ф: +389 32 386 409
E: eastregion@eastregion.mk
I: www.eastregion.mk

# ПРЕДЛОГ ПРОЕКТ концепт

за финансирање од

**Програмата за рамномерен регионален развој 2024-2025 година**

## 1. Општи податоци

| | |
|---|---|
| Носител:<br>Партнери / Општини: | ЦРИПР – Штип<br>Сите 11 (единаесет) општини во состав на Источен плански регион |

## 2. Опис на проектот

| | |
|---|---|
| Наслов на Проектот: | **„Регионален центар за згрижување и контрола на популацијата на кучиња скитници и ветеринарно здравство во Источен плански регион“** |
| Стратегија за регионален развој на Република Македонија (2021-2031) | **Стратешка цел 1:** Порамномерно економски развиени, еколошки одржливи и конкуренти плански региони низ доследно спроведена паметна специјализација и посилно стимулирање на приватните инвестиции во синергија со јавните инвестиции<br>**Приоритет 1.7:** Намалување на негативните влијанија и подобрена заштита на животната средина во планските региони, постигнување поголема отпорност на климатските промени и водење на подинамичен и повеќекратно зголемен инвестициски циклус. |
| Програма за развој на Источен плански регион (2021-2026) | Предлог-проектот е во согласност и со приоритетите и целите предвидени со Програмата за развој на Источниот плански регион 2021 – 2026 година.<br>**Стратешка Цел 1 -** Развој на конкурентна и иновативна регионална економија, преку осовременување на инфраструктурата, привлекување на инвестиции и работна сила прилагодена на потребите на пазарот на трудот<br>Приоритет 1.4: Подобрување на просторното и урбанистичко планирање и осовременување на инфраструктурата<br>Мерка: 1.4.3. Подобрување и осовременување на постојната и изградба на нова комунална инфраструктура;<br>**Стратешка цел 2** – Обезбедување на квалитетни и инклузивни социјални, образовни и здравствени услуги<br>Приоритет 2.4: Подобрување на условите во здравствените установи во регионот<br>**Мерка: 2.4.5. Воспоставување на инфраструктура и услуги за згрижување на кучиња скитници.** |
| Област: | Животна средина<br>Воспоставување на нова регионална инфраструктура |

Ванчо Прке 119, 2 кат
2000 - Штип, Македонија
Т: +389 32 386 408
Ф: +389 32 386 409
Е: eastregion@eastregion.mk
I: www.eastregion.mk

| | |
|---|---|
| Краток опис на проектот:<br>(дефинирање на проблемот) | Предлог-проектот има за цел да го истакне **сериозниот проблем со бездомните кучиња во општините** во состав на Источниот плански регион, што бара поширок пристап и контрола.<br>Законот за заштита и благосостојба на животните ја поставува одговорноста за грижа на општините, вклучувајќи ги и регистрираните кучиња кои се појавуваат на јавни површини без присуство на нивните сопственици.<br>Бездомните кучиња претставуваат закана за здравјето и безбедноста на населението, што се зголемува поради недостаток на контрола врз репродукцијата и несоочувањето со казнените мерки. Овие кучиња скитници треба привремено да се сместат во соодветни засолништа за третман и лечење. Меѓутоа, овој проблем бара поширок пристап и контрола.<br>Бездомните животни претставуваат реална закана за здравјето и безбедноста на луѓето ако не се третирани соодветно. Во сите општини забележан е зголемен број на бездомни животни, особено напуштени домашни миленици. Негрижата од страна на сопствениците и непостоењето на хуман однос предизвикуваат нивно завршување на отворени простори, каде што не се изложени на нега, а и се забележува миграција на исти кучиња помеѓу општините, што ја потенцира и регионалната димензија на проблемот.<br>Источниот плански регион нема соодветна инфраструктура за прифаќање на кучињата скитници. Неконтролираниот раст на бројот на бездомни кучиња предизвикува сериозни проблеми, вклучувајќи ги и ширењето на заразни болести.<br>Проектот има за цел да се намали бројот на бездомни животни преку кастрација и вдомување, придружен со ветеринарен третман. Целта не е присилна елиминација, туку хуман третман кон бездомните кучиња. Идејата е и да се најде дом за секое бездомно милениче и во иднина да се згрижат во соодветни домаќинства. Со овие активности се очекува намалување на нападите врз населението од кучиња скитници и спречување на ширење на заразни болести.<br>Според статистиките од МВР, во Источниот плански регион се регистрирани 118 кривични пријави од страна на граѓаните во текот на 2020, 2021 и 2022 година, поврзани со каснувања од кучиња, со што проблемот предизвикува дополнителни трошоци и кривични пријави, што потврдува за потребата од адекватно решение. |
| Оправданост на проектот: | Отсуството на место за згрижување значително ги оптоварува општинските ресурси. Илјадници животни слободно шетаат низ градските населби, а влијанието врз јавната безбедност и здравје е на многу ниско, незадоволително ниво.<br>Источниот плански регион се соочува со сериозен проблем на зголемен број на кучиња скитници, предизвикувајќи пораст во напади и каснати лица, со недостаток на инфраструктура како прифатилишта и стационари за третман на скитници. |

Ванчо Прке 119, 2 кат
2000 - Штип, Македонија
Т: +389 32 386 408
Ф: +389 32 386 409
E: eastregion@eastregion.mk
I: www.eastregion.mk

| | |
|---|---|
| | Локалните општини, иако изложени на финансиски предизвици, преземаат активности на локално ниво, но и тие се ограничени и не резултираат со позитивни ефекти.<br>Советот за развој на Источен плански регион ја има препознаено потребата од регионален пристап во решавање на овој проблем, што е потенцирано и во јавни консултации и во Програмата за развој на Источен плански регион 2021-2026. За заеднички пристап во решавање на овој конкретен регионален проблем, општините во состав на регионот и Центарот за развој на ИПР потпишаа Договор за заедничка реализација на проектот „**Регионален центар за згрижување и контрола на популацијата на кучиња скитници и ветеринарно здравство во Источен плански регион“, со кој договор се потврдуваат заложбите од сите вклучени страни.**<br>Советот за развој на Источен плански регион на V-тата одржана Седница во општина Пробиштип на 25.04.2018 година донесе Заклучок за регионален пристап во третирањето на кучиња скитници. На VI-тата Седница на Советот за развој на Источен плански регион одржана на 20.07.2018 година во општина Берово се донесе Заклучок да се побара поддршка во овој процес од стручни лица, експерти во областа за најсоодветен пристап за поголема ефикасност во третманот со кучињата, скитници. Советот за развој на Источен плански регион на VII-та одржана Седница на 23.11.2018 година во општина Македонска Каменица на 25.04.2018 година, повторно го разгледуваше пристапот во однос на третманот со кучињата, скитници и преку дискусија со стручни лица од Центарот за јавно здравје и Агенција за храна и ветеринарство донесе Заклучок, Агенцијата за храна и ветеринарство да помогне во воспоставување на комуникација со надворешни надлежни институции за ова прашање во конкретниот случај со Регионалниот Центар за благосостојба на животните во Загреб, Република Хрватска, со цел размена на искуство и помош во поставување на првите чекори кон решавање на проблемот со кучињата, скитници.<br>Во рамки на овој проект се предвидува изработка на физибилити студија и комплетна техничка документација за изградба на Регионален центар за згрижување и контрола на популацијата на кучиња скитници и ветеринарно здравство во Источен плански регион.<br>Во рамки на процесот за изработка на Физибилити студијата ќе се дадат и предлог потенцијални локации за изградба на идниот регионален стационар, но истите ќе бидат разгледувани преку јавна расправа и со фокус на согласност со техничките услови и минимално растојание од населените места.<br>Центарот за развој на Источен плански регион ќе биде одговорен за координација и извршување на проектот во соработка со 11 општини партнери. |
| Регионален карактер на проектот: | Проблемот со честите напади од кучиња скитници во Источниот плански регион е евидентен и од премнните книги на јавните здравствени установи.<br>Во претходната 2022 година има 60 (шеесет) кривични пријави поднесени од страна на граѓани каснати од кучиња. Сè повеќе граѓаните на социјалните мрежи споделуваат фотографии и видеа од глутници |

Ванчо Прке 119, 2 кат
2000 - Штип, Македонија
Т: +389 32 386 408
Ф: +389 32 386 409
Е: eastregion@eastregion.mk
I: www.eastregion.mk

| | |
|---|---|
| | кучиња скитници. Локалните самоуправи прават напори за справување со бездомните кучиња, но согласно насоките можното решение сè повеќе се гледа во воспоставување на заеднички пристап на сите општини од регионот. За овој пристап, општините во состав на регионот и Центарот за развој на Источен плански регион потпишаа Договор за заедничка реализација на проектот „Регионален центар за згрижување и контрола на популацијата на кучиња скитници и ветеринарно здравство во Источен плански регион", со кој договор се потврдуваат заложбите од сите вклучени страни.<br>Согласно Правилникот за исполнување на техничките услови за прифатилишта, стационари, се посочува дека соодветна локација за ваков тип на објект треба да се наоѓа на минимум 500 м оддалеченост од населено место. Поставеноста на објектот треба да не ја нарушува работата и интегралноста на постоечките објекти и да не ја загадува околината. Стручните служби од општините, партнери во проектот, во периодот што следува ќе направат преглед на можни и соодветни локации, кои доколку проектот биде одобрен за финансирање ќе бидат предложени на експертскиот тим што ќе биде избран преку постапка на јавна набавка за изработка на Физибилити студија со која ќе се утврди најсоодветна локација за изградба, капацитет, исплатливост (cost-benefit analysis), модел на управување и организациона поставеност на регионално ниво, начин на следење и миграција, можност за вдомување, тип на опрема, број и тип на возила и останати елементи значајни за спроведување на проектот.<br>Во изминатиот период ова прашање за воспоставување на регионален пристап во третирањето на кучиња скитници било дискутирано и на јавните консултации, регионални форуми како идентификуван проблем на заедницата во општините Делчево и Берово, а Советот на општина Кочани има донесено и заклучок за постапување во однос на изнаоѓање на најсоодветно решение за проблемот со кучињата, скитници.<br>Центарот за развој на Источен пласнки регион, како носител на проектот ќе ги преземе сите активности и мерки за спроведување на овој предлог-проектот во координација и соработка со сите 11 (единаесет) општини партнери во иститот. |
| Главна цел на проектот: | Воспоставување на Регионален центар за згрижување на бездомни миленици и ветеринарно здравство во Источниот плански регион ќе придонесе третманот на животните да биде од хуман карактер, а самото згрижување ќе има директно влијание врз здравјето и безбедноста на населението како главен приоритет. |
| Специфични цели на проектот: | ✓ Намалување на бројот на бездомни кучиња за 20% до 2028 година;<br>✓ Намален број на напади врз луѓето за 30% до 2028 година;<br>✓ Намален пренос на заразни болести пренесени од незгрижени кучиња за 30% до 2028 година;<br>Како крајни корисници на придобивките од проектот е населението од Источен плански регион. |
| Активности на проектот: | Во рамки на овој предлог-проект се предвидуваат следниве активности:<br>- Изработка на Физибилити студија со која ќе се даде комплетен |

Ванчо Прке 119, 2 кат
2000 - Штип, Македонија
Т: +389 32 386 408
Ф: +389 32 386 409
Е: eastregion@eastregion.mk
I: www.eastregion.mk

<table>
<tr><td></td><td>скрининг на регионот и ќе биде утврдена најпогодната локација за изградба на регионален центар за згрижување на кучиња скитници;<br><br>Од физибилити студијата се очекува да се даде и податок за потребниот капацитет на регионалниот центар, со цел истиот да ги задоволува потребите на регионот. Физибилити студијата треба содржи (cost-benefit analysis), модел за управување, организациона поставеност на регионално ниво и најсоодветен начин на одржување на регионалниот центар. Исто така преку студијата ќе треба да се дојде до податоци за начин на следење и миграција, можност за вдомување, идентификуван најсоодветен тип на опрема, број и тип на возила и останати релевантни работи.<br>- Урбанистички проект со ажурирана геодетска подлога и ревизија кој ќе го уреди просторот локациски утврден во физибилити студијата за иден регионален центар за згрижување и контрола на популацијата на кучиња скитници и ветеринарно здравство (згрижување на бездомни кучиња);<br>- Комплетна техничка документација, која би содржела:<br>1. Идеен проект (фаза архитектура) со ревизија;<br>2. Основен проект со фази Архитектура, електрика, водовод и канализација, статика, ППЗ, БЗР, Енергетска ефикасност, Машинство, сообраќаен проект, 3Д анимација;<br>- За изработка на основниот проект потребно е да се изработат/обезбедат и следниве документи: Елаборат за нумерички податоци, Мислење за проектиран степен од ИЗИИС, геомеханички елаборат, елаборат за животна средина, хидротехнички услови;<br>- Ревизија на комплетната техничка документација;<br>- Тематска посета на успешен пример за Регионален центар за згрижување и контрола на популацијата на кучиња скитници во земјите од регионот или ЕУ;<br>- Медиумска промоција и покриеност на сите фази од спроведувањето на проектот.</td></tr>
<tr><td>Очекувани резултати:</td><td>Во рамки на овој предлог-проект се очекува да бидат остварени следниве резултати:<br>- Воспоставување на инфраструктура и услуги за згрижување на кучиња скитници;<br>- Намалување на негативните влијанија и подобрена заштита на животната средина;<br>- Намален пренос на заразни болести пренесени од незгрижени кучиња;<br>- Воспоставен одржлив систем за згрижување и контрола на популацијата на кучиња во регионот со цел да се подобрување на здравјето и благосостојбата на кучињата во сопственост и кучињата скитници;<br>- Порамномерно економски развиени, еколошки одржливи и конкурентни општини низ доследно спроведена паметна</td></tr>
</table>

Ванчо Прке 119, 2 кат
2000 - Штип, Македонија
Т: +389 32 386 408
Ф: +389 32 386 409
Е: eastregion@eastregion.mk
I: www.eastregion.mk

| | |
|---|---|
| | специјализија и посилно стимулирање на приватните инвестиции во синергија со јавните инвестиции; и<br>- Поголема безбедноста на граѓаните. |
| Одржливост на проектот: | Одржливоста на проектот се планира да се спроведе со процес на воспоставување на меѓуопштинска соработка бидејќи се работи за остварување на заеднички интереси и цели во вршењето на надлежностите, за таа цел општините во состав на регионот ќе здружуваат финансиски средства, со кофинансирање од страна на општините, наплата за заловување, лечење, чување, продажба на кучиња, ветеринарни услуги на граѓаните за нивните миленици и останати услуги. |
| Крајни корисници: | Крајни корисници на придобивките од проектот е:<br>- Населението во рамки на Источен плански регион;<br>- Туристи и посетители во регионот. |
| Подготвеност на проектот за имплементација: | За конкретниот предлог-проект веќе се назначени 14 (четиринаесет) лица од ЦРИПР и општините во состав на регионот кои имаат повеќегодишно искуство во подготовка и спроведување на проекти како и спроведување на постапка за воспоставување на МОС. Работна група – тело за предлог-проектот.<br>Во моментот за овој предлог – проект има изработено проектна задача за изработка на физибилити студија и комплетна техничка документација.<br>Од првата фаза, изработка на физибилити студија се очекува истата да даде детален увид, поточно да се:<br>- Направи скрининг на регионот;<br>- Утврди најсоодветна локација за градба;<br>- Утврди капацитетот на регионалниот центар за згрижување на кучиња, скитници;<br>- Прикаже исплатливоста (cost-benefit analysis) и модел на управување и одржување на истиот;<br>- Предложи и избере модел, организациона поставеност и услуги со додадена вредност за зголемување на атрактивноста на објектот (изложбен простор, дневна грижа и итн).<br>Од втората се очекува да се изработи, ревидира и усвои комплетната техничка документација.<br>Како трета фаза од овој предлог – проект се предвидува изградба, опремување, ставање во функција и медиумска промоција. |
| Вкупен буџет на проектот: | Проценетата цена за изработка на потребната документација изнесува **6.000.000,00 денари.**<br>Од кои 5.400.000,00 денари се средства од ПРРР 2024-2025 а остатокот од 600.000,00 денари ќе биде кофинансирање од општините партнери во проектот.<br>Сите фази наведени во проектот ќе бидат финансирани во сооднос 90 % од ПРРР 2024-2025 и 10 % кофинансирани од општините партнери во проектот. |